Stat... Soc. Repub. Makedonije
... 51

# СЛУЖБ[ЕН ЛИСТ]

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕ[ДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32 за огласи 101 13 602-31.

Среда, 5 мај 1965
БЕЛГРАД
БРОЈ 21 ГОД. XXI

Цена на овој број е 300.— дин. Претплата за 1965 година изнесува 2.500.— дин а за странство 3.500 — динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50 932, 50-933 и 51-661 Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671

**403.**

Врз основа на членот 43 од Законот за измени и дополненија на Законот за управните спорови („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65), Законодавно-правната комисија на Сојузната скупштина на својата седница од 22 април 1965 година го утврди долу изложениот пречистен текст на Законот за управните спорови.

Пречистениот текст на Законот за управните спорови го опфаќа Законот за управните спорови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/52) и неговите измени и дополненија објавени во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/53 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65, во кои е означено времето на влегувањето во сила на тој закон и на неговите измени и дополненија.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 348
23 април 1965 година
Белград

Претседател
на Законодавно-правната комисија на Сојузната скупштина,
**Јово Угрчиќ**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА УПРАВНИТЕ СПОРОВИ
**(пречистен текст)**

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заради обезбедување на судската заштита на правата на граѓаните, работните и други организации и општествено-политичките заедници, како и заради обезбедување на законитоста, судовите во управните спорови одлучуваат за законитоста на актите со кои државните органи и организации, во вршењето на јавните овластувања, решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи.

Член 2

Право да поведува управен спор има поединец или правно лице ако смета дека со управниот акт му е повредено некакво право или непосреден личен интерес заснован врз закон.

Државен орган, организација, погон, друга единица или огранок на работна или друга организација, заедница (село, населба и сл.) или група лица, иако немаат својство на правно лице, можат да поведат управен спор ако можат да бидат носители на правата и обврските за кои се решавало во управната постапка.

Кога орган на општествено-политичка заедница или организација решавал во прв степен во определена управна работа, а по жалбата против таков акт решавал орган на друга општествено-политичка заедница односно организација, управен спор против второстепениот акт може да поведе и заедницата односно организацијата чиј орган решавал во прв степен, ако смета дека со второстениот акт е повредено нејзино самоуправно право.

Ако е со управен акт повреден закон во корист на поединец или работна и друга организација, управен спор може да поведе надлежниот јавен обвинител или друг со закон овластен орган.

Управен спор може да поведе и јавниот правобранител кога со управниот акт е повреден законот на штета на општествено-политичката заедница односно установата што тој ја застапува според законот.

Член 3

Управните спорови ги решаваат републичките врховни судови и Врховниот суд на Југославија.

Врховниот воен суд ги решава управните спорови во случаите определени со овој закон.

Во управните спорови врховните судови одлучуваат во совети составени од тројца судии.

Член 4

Пресудите на судовите донесени во управните спорови се задолжителни.

Член 5

Одредбите од овој закон што се однесуваат на државните органи важат и за работните и други организации кога во вршењето на јавни овластувања решаваат во управни работи.

### II. УПРАВЕН СПОР

Член 6

Управен спор може да се води само против управен акт.

Управен акт во смисла на овој закон е акт со кој државен орган, работна или друга организација, во вршењето на јавни овластувања, решава за некое право или обврска на определен поединец или организација во некаква управна работа.

Член 7

Управен спор може да се поведе против управен акт кој е донесен во втор степен.

Управен спор може да се поведе и против првостепен управен акт против кој нема место на жалба во управната постапка.

Член 8

Управен спор може да се поведе и кога надлежниот државен орган не донесол никаков акт, а овој закон ја овластува странката да постапи како да е одбиена од барањето (член 26).

Член 9

Управен спор не може да се води:

1) против актите донесени во работите во кои судска заштита е обезбедена вон управен спор;

2) против актите донесени во работите за кои по изрична одредба од сојузен закон не може да се води управен спор;

3) во работите за кои, непосредно врз основа на уставни овластувања, одлучува Сојузната скупштина или републичкото собрание односно нивни собори, или Претседателот на Републиката;

4) во дисциплинските работи.

Во работите од точ. 2 и 4 на ставот 1 од овој член може да се води управен спор кога државен орган, работна или друга организација при донесување на управен акт ги пречекорил границите на надлежноста.

Член 10

Управниот акт може да се побива:

1) што во актот не е никако применет или не е правилно применет законот или друг пропис заснован врз закон;

2) што е донесен актот од ненадлежен орган;

3) што во постапката која му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката, а особено што фактичката состојба не е утврдена правилно, или што од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во поглед на фактичката состојба.

Нема неправилно применување на прописи во случајот кога решавал надлежниот државен орган по слободна оценка врз основа и во границите на овластувањето што му е дадено со правни прописи.

Член 11

Во управниот спор може да се бара и враќање на одземените предмети, како и надоместок на штетата што му е нанесена на тужителот со извршувањето на актот кој се оспорува.

Член 12

Тужител во управен спор може да биде оној поединец или правно лице што смета дека со управниот акт му е поведено некакво право или непосреден личен интерес заснован врз закон.

Член 13

Тужител во управен спор може да биде и синдикална организација, ако смета дека со управниот акт е повредено правото или непосредниот врз закон заснован интерес на работната заедница како целина или нејзин дел.

Член 14

Кога на поединец што е зачленет во некоја општествено-политичка организација, која според своите правила има задача да штити определени права и интереси на своите членови, со управниот акт му е повредено некое такво право или интерес, оваа општествено-политичка организација може, по согласување на тој свој член, од неговото име да поднесе тужба и да води управен спор против таков управен акт.

Општествено-политичката организација од ставот 1 на овој член може во секој стадиум на постапката да стапи со права на споредец замешувач во веќе поведениот спор на страна на таков поединец, и да ги презема во негова корист сите дејствија и да ги употребува сите правни средства, доколку тоа не е во спротивност со изјавите и постапките на самата странка.

Член 15

Тужена страна во управен спор е државниот орган чиј акт се оспорува.

Органот на управата од повисок степен од органот чиј акт се оспорува може во секој стадиум на постапката да стапи во спорот на страна на органот чиј акт се оспорува.

Член 16

Трето лице на кое поништувањето на оспорениот управен акт непосредно би му било од штета (заинтересирано лице) има во спорот положба на странка.

Член 17

Тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена.

По барање на тужителот, органот кој е надлежен да нареди извршување на оспорениот акт, ќе го одложи извршувањето до конечната судска одлука, ако извршувањето би му нанесло на тужителот штета која би можела тешко да се поправи, а одлагањето не му се противи на јавниот интерес, ниту со одлагањето би й се нанесла поголема ненадоместлива штета на противната странка. Кон барањето за одлагање мора да се приложи доказ за поднесената тужба. По вакво барање надлежниот орган мора да донесе решение најдоцна во рок од три дена од приемот на барањето.

Органот кој е надлежен да го нареди извршувањето може и од други причини да го одложи извршувањето на оспорениот акт до конечната судска одлука, ако го дозволува тоа јавниот интерес.

## III. НАДЛЕЖНОСТ

Член 18

Врховниот суд на Југославија одлучува по тужбите против управните акти на сојузните органи и организации што вршат јавни овластувања на територијата на цела Југославија

Републичкиот Врховен суд одлучува по тужбите против управните акти на сите други органи и организации.

Врховниот воен суд одлучува по тужбите против управните акти на воените органи.

Член 19

Против одлуката на републичкиот врховен суд и Врховниот воен суд не е дозволена жалба, ако со посебен сојузен закон во определени работи не е предвидено да може да се изјави жалба.

Член 20

Во случаите на повреда на право на самоуправување утврдено со Уставот или на друго основно право или слобода на граѓани или работна и друга организација, странката може во рок од триесет дена од денот на доставувањето на одлуката од републичкиот врховен суд односно од Врховниот воен суд да поднесе, како вонредно правно средство, барање Врховниот суд на Југославија да ја испита одлуката на републичкиот врховен суд односно на Врховниот воен суд донесена во управен спор.

Пред донесувањето на одлуката по барањето, Врховниот суд на Југославија ќе й го достави на противната странка барањето, ако е благовремено поднесено, која може во рокот што ќе го определи судот да му поднесе на судот одговор на барањето.

Со одлуката на Врховниот суд на Југославија со која се уважува барањето може одлуката на републичкиот врховен суд односно на Врховниот воен суд да се укине, поништи или преправи.

За барањето според ставот 1 од овој член Врховниот суд на Југославија одлучува во совет составен од пет судии.

Член 21

Против одлуката на републичкиот врховен суд односно на Врховниот воен суд донесена во управен спор надлежниот јавен обвинител може да поднесе барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Југославија, ако е со таа одлука сторена потешка повреда на сојузен закон.

Барањето за заштита на законитоста против одлуката на републичкиот врховен суд го поднесува сојузниот јавен обвинител, а против одлуката на Врховниот воен суд — воениот обвинител на Југословенската народна армија.

Барањето за заштита на законитоста се поднесува во рок од три месеци од денот кога на странките им е доставена одлуката на републичкиот врховен суд односно на Врховниот воен суд.

Во поглед на одлучувањето по барањето за заштита на законитоста се применуваат одредбите од членот 20 ст. 2 до 4 на овој закон

Член 22

Врховните судови самите одлучуваат за својата надлежност по управните спорови.

Судрувањата на надлежноста помеѓу републичките врховни судови, како и помеѓу овие судови и Врховниот воен суд, ги решава Врховниот суд на Југославија.

Решението на Врховниот суд на Југославија со кое управен спор се предава во надлежност на републички врховен суд или Врховниот воен суд е задолжително за овие судови.

## IV. ПОСТАПКА

### А. Постапка по тужба

Член 23

Управниот спор се поведува со тужба.

Член 24

Тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката што ја поднесува тужбата.

Овој рок важи и за државниот орган овластен за поднесување тужба, ако му е доставен управниот акт. Ако актот не му е доставен, може да поднесе тужба во рок од 60 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката во чија корист е донесен актот.

Член 25

Тужбата му се предава на судот непосредно, или му се испраќа по пошта. Тужбата може да се изјави и на записник кај надлежниот врховен суд или макар при кој општински суд. Денот на предавањето на тужбата препорачано на пошта, односно денот на изјавувањето на тужбата на записник, се смета како ден на предавање на судот.

Член 26

Ако второстепениот државен орган во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донесол решение по жалбата на странката против првостепеното решение, а не го донесе ни во понатамошен рок од седум дена по повторено барање, странката може да поведе управен спор како да ѝ е одбиена жалбата.

На начинот пропишан во ставот 1 на овој член може да постапи странката и кога по нејзиното барање не донесол решение првостепениот орган против чиј акт нема место на жалба.

Ако првостепениот орган против чиј акт има место на жалба во рок од 60 дена или во пократок рок определен со посебен пропис не донесол никакво решение по барањето, странката има право да се обрне со своe барање до второстепениот орган. Против решението на второстепениот орган странката може да поведе управен спор, а може под условите од ставот 1 на овој член да го поведе и ако овој орган не донесе решение.

Член 27

Во тужбата мора да се наведе името и презимето, занимањето и местото на живеењето, односно називот и седиштето на тужителот, управниот акт против кој е управена тужбата, кратко излагање зошто се тужи, како и во кој правец и обем се предлага поништувањето на управниот акт. Кон тужбата мора да се поднесе самиот акт во оригинал или во препис.

Ако со тужбата се бара враќање на предмет или надоместок на штета, мора да се стави и определено барање во поглед на предметот или на височината на претрпената штета.

Кон тужбата се поднесува и по еден препис на тужбата и на прилозите за тужениот државен орган и за секое заинтересирано лице, ако има такви лица.

Член 28

Тужителот може да се откаже од тужбата сè до донесувањето на одлуката, во кој случај судот со решение ја запира постапката.

Член 29

Ако е тужбата непотполна или неразбирлива, претседателот на советот ќе го повика тужителот, по потреба преку општинскиот суд, да ги отстрани недостатоците на тужбата во оставениот рок. При тоа ќе го поучи што и како треба да направи и ќе му укаже на последиците што ќе настанат ако не постапи по барањето на судот.

Ако тужителот во оставениот рок не ги отстрани недостатоците на тужбата, а тие се такви што да го спречуваат работењето на судот, судот со решение ќе ја отфрли тужбата како неуредна, доколку не најде дека оспорениот управен акт е ништовен.

Член 30

Судот со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди:

1) дека тужбата е поднесена неблаговремено (член 24) или пред време (член 26);

2) дека актот со кој се оспорува тужбата не е управен акт (член 6);

3) дека е очигледно дека со управниот акт кој се оспорува со тужбата не се засега во правото на тужителот или во неговиот непосреден личен интерес заснован врз закон (член 12);

4) дека против управниот акт кој се оспорува со тужбата можела да се изјави жалба, па воопшто не е изјавена, или не е благовремено изјавена (чл. 7);

5) дека е во прашање работа за која не може да се води управен спор (член 9);

6) дека веќе постои правносилна одлука донесена во управен спор во истата работа.

Од причините од ставот 1 од овој член судот ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум на постапката.

Член 31

Ако судот не ја отфрли тужбата врз основа на членот 29 став 2 или членот 30 од овој закон, а најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оценката на законитоста на актот, може од таа причина со пресуда да го поништи актот и без да ја достави тужбата на одговор.

Член 32

Ако државниот орган за време на судската постапка донесе друг акт со кој се менува или се става вон сила управниот акт против кој е поведен управниот спор, како и кога во случајот од членот 26 на овој закон дополнително донесе управен акт, овој орган, покрај тужителот, едновремено ќе го извести и судот пред кој е поведен спорот. Судот тогаш ќе го повика тужителот во рок од 15 дена да изјави пред судот дали е задоволен со дополнително донесениот акт, или останува при тужбата и во кој обем односно дали ја проширува тужбата и врз новиот акт.

Ако тужителот изјави дека е задоволен со дополнително донесениот акт, или ако не даде изјава во рокот од ставот 1 на овој член, судот ќе донесе решение за запирање на постапката.

Ако тужителот изјави дека не е задоволен со новиот акт, судот ќе ја продолжи постапката.

Член 33

Ако не ја отфрли тужбата веднаш со решение според членот 29 став 2 или според членот 30, ниту го поништи актот според членот 31 на овој закон, судот доставува на одговор по еден препис од тужбата со прилози до тужената страна и до заинтересираните лица ако ги има.

Одговорот се дава во рокот што ќе го определи судот во секој определен случај. Овој рок не може да биде пократок од осум ниту подолг од 30 дена.

Во оставениот рок тужената страна е должна да му ги испрати на судот сите списи што се однесуваат на предметот. Ако тужената страна и по второто барање не ги испрати списите на предметот или ако изјави дека не може да ги испрати, судот може да ја реши работата и без списите.

Член 34

За управните спорови судот решава во нејавна седница.

Поради сложеноста на спорната работа, или ако инаку најде дека е тоа потребно заради подобро разјаснување на состојбата на работата, судот може да реши да се одржи усна расправа.

Од истите причини и странката може да предложи да се одржи усна расправа.

Член 35

Ако надлежниот совет реши да се одржи усна расправа, претседателот на советот ќе го определи денот на расправата и ќе ги повика странките и заинтересираните лица ако ги има.

Расправата може да се одложи само од важни причини, за што решава советот.

Член 36

Со расправата раководи претседателот на советот.

За расправата се води записник во кој се внесуваат само суштествените факти и околности, како и диспозитивот на одлуката. Записникот го потпишуваат претседателот и записничарот.

Член 37

Изостанувањето на странката од усната расправа не го задржува работењето на судот. Поради изостанокот на странките не може да се земе дека тие се откажале од своите барања, туку нивните поднесоци ќе се прочитаат.

Ако на расправата не дојде ниту тужителот ниту тужената страна, а расправата не се одложи, судот ќе го расправи спорот и без присуство на странките.

Член 38

На расправата прво добива збор членот на советот кој е известител и ја излага состојбата и суштината на спорот, не давајќи свое мислење. По тоа му се дава збор на тужителот да ја образложи тужбата, па на застапникот на тужената страна и на заинтересираните лица да ги образложат своите гледишта.

Член 39

Судот го решава спорот, по правило, врз основа на фактите што се утврдени во управната постапка.

Ако судот најде дека спорот не може да се расправи врз основа на фактите утврдени во управната постапка поради тоа што во поглед на утврдените факти постои противречност во списите, што тие во суштествените точки се непотполно утврдени, што од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во поглед на фактичката состојба, или најде дека во управната постапка не се водело сметка за правилата на постапката што би биле од влијание врз решението на работата, судот ќе го поништи оспорениот управен акт со пресуда. Во таков случај надлежниот орган е должен да постапи онака како што е определено во пресудата и да донесе нов управен акт.

Ако поништувањето на оспорениот управен акт според ставот 2 на овој член и повторното водење на постапката кај надлежниот орган би предизвикало за тужителот штета која би можела тешко да се поправи, или ако врз основа на јавните исправи или други докази во списите на предметот е очигледно дека фактичката состојба е поинаква од онаа утврдена во управната постапка, или ако во истиот спор веќе еднаш е поништен управниот акт а надлежниот орган не постапил во потполност по пресудата, судот може и самиот да ја утврди фактичката состојба и врз основа на така утврдената фактичка состојба да донесе пресуда односно решение.

Во случајот од ставот 3 на овој член судот ја утврдува фактичката состојба на расправа, или преку еден член на советот, или преку општински суд или преку друг државен орган, во кој случај ќе се повика и странката.

Член 40

Законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањата од тужбата, но при тоа не е врзан со разлозите на тужбата.

На ништавноста на управниот акт судот внимава по службена должност.

Член 41

Судот донесува пресуда односно решение со мнозинство на гласови.

За советувањето и за гласањето се води посебен записник кој го потпишуваат сите членови на советот и записничарот.

Советувањето и гласањето се врши без присуство на странките.

Член 42

Судот го решава спорот со пресуда.

Со пресудата тужбата се уважува или се одбива како неоснована. Во првиот случај судот го поништува оспорениот управен акт.

Кога судот ќе најде дека оспорениот управен акт треба да се поништи, може ако, природата на работата го дозволува тоа и ако податоците на постапката даваат сигурен основ за тоа, со пресуда да ја реши самата управна работа. Таквата пресуда во сé го заменува поништениот акт.

Со пресудата со која се поништува оспорениот управен акт судот ќе одлучи и за барањето на тужителот за враќање на предметот односно за надоместок на штетата, ако податоците на постапката даваат за тоа сигурен основ. Во противно, судот ќе го упати тужителот да го остварува своето барање во граѓански процес.

Кога е тужбата поднесена врз основа на членот 26 од овој закон, а судот најде дека е оправдана, тој со пресуда ќе ја уважи тужбата и ќе определи во која смисла надлежниот државен орган ќе донесе решение.

Член 43

Ако е одржана усна расправа, судот веднаш по завршената расправа усно ќе ја објави пресудата односно решението заедно со најважните разлози.

Во сложени случаи судот може да се откаже од усното објавување на пресудата односно на решението, и најдоцна за осум дена да донесе пресуда односно решение.

Ако по завршената усна расправа не е можно да се изрече пресуда односно решение поради тоа што е потребно претходно да се утврди таков факт за чие расправање не е потребна нова усна расправа, судот ќе ја донесе пресудата односно решението без расправа, и тоа најдоцна за осум дена откако ќе го утврди тој факт.

Член 44

Пресудата односно решението содржи означување на судот, на претседателот и на членовите на советот како и на записничарот, означување на странките и нивните застапници, кратко излагање на предметот на спорот и ден кога е изречена и објавена пресудата односно решението, диспозитив, образложение и поука за жалбата, ако е дозволена жалба. Диспозитивот мора да биде одвоен од образложението.

Оригиналната пресуда односно решението го потпишуваат претседателот и записничарот.

Пресудата односно решението им се издава на странките во заверен препис.

**Б. Постапка по жалба**

Член 45

Со жалба до Врховниот суд на Југославија може да се побива пресуда и решение на републичкиот врховен суд или на Врховниот воен суд само кога е тоа предвидено со сојузен закон.

Член 46

Жалбата се поднесува во рок од 15 дена од денот на доставувањето на пресудата или решението, а му се предава на судот против чија пресуда или решение се изјавува, на начинот предвиден во членот 25 од овој закон.

Член 47

Жалбата мора да содржи означување на пресудата односно на решението кое се побива, како и разлози и обем во кој се побива.

Ако жалбата не ги содржи овие податоци, судот може да го повика жалителот да ја дополни жалбата во определениот рок. Ако желителот не постапи по ова, судот ќе ја испита првостепената пресуда односно решение во поглед на сите барања на жалителот што не се усвоени во првостепената постапка.

Член 48

Странката може да изнесува во жалбата нови факти и нови докази, но е должна да ги наведе причините зошто не ги изнесла во првостепената постапка.

Член 49

Неблаговремено поднесената или недопуштената жалба ќе ја отфрли со решение судот против чија пресуда или решение е изјавена жалбата.

Против решението донесено според ставот 1 на овој член допуштена е посебна жалба. Ако Врховниот суд на Југославија најде дека оваа жалба е оправдана, ќе решава веднаш и за главната работа.

Ако судот што ја примил жалбата пропушти да постапи според ставот 1 од овој член, тоа ќе го стори со решение самиот Врховен суд на Југославија.

Член 50

Врховниот суд на Југославија решава за жалбата по правило во нејавна седница, а може да одржи и усна расправа кога ќе најде дека е тоа потребно за да се разјасни работата.

Во поглед на расправата важат согласно одредбите од чл. 35 до 39 на овој закон.

Член 51

По жалбата Врховниот суд на Југославија донесува пресуда или решение.

Со пресудата жалбата може да се одбие, или да се уважи и побиваната пресуда да се преправи.

Со решение може да се одбие жалбата што е изјавена против решението, или побиваното решение може да се преправи или укине.

Ако Врховниот суд на Југославија по жалбата против пресудата најде дека во постапката на првостепениот суд постои недостаток кој можел да спречи спорната работа исцрпно да се претресе или оцени, или дека во поглед на утврдените факти постои противречност во списите, или дека тие во суштествените точки непотполно се утврдени, или дека од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во поглед на фактичката состојба, ќе ја укине со решение првостепената пресуда. Во таков случај предметот му се враќа на судот што ја донесол првостепената пресуда. Тој суд е врзан со правното сфаќање на Врховниот суд на Југославија и со неговите забелешки во поглед на постапката.

Член 52

Во пресудата односно во решението на Врховниот суд на Југославија мораат да се ценат сите наводи на жалбата. Доколку прашањата и околностите што се истакнуваат во жалбата се правилно ценети во побиваната пресуда односно решение, Врховниот суд на Југославија може само да се повика на разлозите од побиваната одлука.

**В. Обнова на постапката**

Член 53

Постапката окончана со пресуда или решение ќе се обнови по барање на странката:

1) ако странката дознае за нови факти, или најде или се здобие со можност да употреби нови докази по кои спорот би бил поповолно решен за неа, тие факти односно докази да биле изнесени или употребени во поранешната судска постапка;

2) ако до одлуката на судот дошло поради кривично дело на судија или работник во суд, или одлуката е издејствувана со измамно дејствие на застапникот или на полномошникот на странката, неговиот противник или противниковиот застапник или полномошник, а делото е казниво според Кривичниот законик;

3) ако одлуката е заснована на пресуда донесена во кривична или граѓанска работа, а таа пресуда подоцна е укината со друга правносилна судска одлука;

4) ако исправата врз која се заснова одлуката е лажна или лажно преправена, или ако сведокот, вештакот или странката при сослушувањето пред судот дал лажен исказ, а одлуката на судот се заснова врз тој исказ;

5) ако странката најде или се здобие со можност да ја употреби поранешната пресуда донесена во истиот управен спор;

6) ако на заинтересираното лице не му била дадена можност да учествува во управниот спор.

Поради околностите од точ. 1 и 5 обновата ќе се дозволи само ако странката без своја вина не била во состојба тие околности да ги изнесе во поранешната постапка.

Член 54

Обнова на постапката може да се бара најдоцна во рок од 30 дена, сметајќи од денот кога странката дознала за разлогот за обнова. Ако странката дознала за разлогот за обнова пред да е окончана постапката кај судот, но тој разлог не можела да го употреби во текот на постапката, обновата може да се бара во рок од 30 дена од доставувањето на одлуката.

По истекот на пет години од правносилноста на одлуката обнова не може да се бара.

Член 55

По тужбата за обнова на постапката решава судот што ја донесол одлуката во прв степен, а кога разлогот за обнова се однесува само на одлука од второстепен суд, по тужбата за обнова решава тој второстепен суд.

Член 56

Тужбата за обнова на постапката се поднесува до судот што е надлежен за решавање (член 55).

Во тужбата мора особено да се наведе:

1) пресудата или решението донесено во постапката чија обнова се бара;

2) законскиот основ на обновата (член 53) и доказите односно околностите што постоењето на тој основ го прават веројатно;

3) околностите од кои произлегува дека тужбата е поднесена во законски рок, и со што се докажува тоа;

4) во кој правец и обем се предлага измената на пресудата односно на решението донесено во постапката чија обнова се бара.

Член 57

По тужбата за обнова надлежниот суд решава во нејавна седница.

Судот ќе ја отфрли тужбата со решение ако утврди дека тужбата не е поднесена во законски рок или дека странката не го сторила барем веројатно постоењето на законскиот основ за обнова.

Ако судот не ја отфрли тужбата според ставот 2 од овој член, ќе ѝ ја достави тужбата на противната странка и на заинтересираните лица, со покана да одговорот на тужбата во рок од 15 дена.

Член 58

По истекот на рокот за одговор на тужбата (член 57 став 3), судот со пресуда решава за тужбата за обнова на постапката.

Ако обновата се дозволи, ќе се стави вон сила поранешната одлука во целина или делумно.

Поранешните процесни дејствија на кои не влијаат разлозите за обнова нема да се повторуваат.

Со пресудата со која се дозволува обновата ќе се реши и за главната работа.

Член 59

Против одлуката на републичкиот врховен суд и на Врховниот воен суд донесена по тужбата за обнова на постапката може да му се поднесе жалба на Врховниот суд на Југославија, ако е допуштена жалба во главната работа (член 19).

Член 60

Во постапката за обнова согласно ќе се применуваат одредбите на овој закон за постапката по тужбата и по жалбата, доколку во чл. 53 до 59 на овој закон не е определено поинаку.

### Г. Други одредби на постапката

Член 61

Доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, согласно ќе се применуваат одредбите од Законот за процесната постапка.

Член 62

Во управните спорови секоја странка ги поднесува своите трошоци.

## V. ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТ НА ПРЕСУДИТЕ НА ВРХОВНИТЕ СУДОВИ

Член 63

Кога судот ќе поништи акт против кој било поведен управен спор, предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред да е донесен поништениот акт. Ако, според природата на работата што била предмет на спорот, наместо поништениот управен акт е потребно да се донесе друг, надлежниот орган е должен да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од доставувањето на пресудата. Тој при тоа е врзан со правното сфаќање на судот, како и со забелешките на судот во поглед на постапката.

Член 64

Ако надлежниот државен орган по поништувањето на управниот акт донесе друг управен акт противно на правното сфаќање на судот, или противно на забелешките на судот во поглед на постапката, па тужителот поднесе нова тужба, судот ќе го поништи оспорениот акт и по правило самиот ќе ја реши работата со пресуда. Таква пресуда во сé го заменува актот на надлежниот орган.

За ваков случај судот го известува органот што го врши надзорот.

Член 65

Ако надлежниот орган по поништувањето на управниот акт не донесе веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена, нов управен акт или акт во извршување на пресуда донесена врз основа на членот 42 став 5 од овој закон, странката може со посебен поднесок да бара донесување на таков акт. Ако тој орган не донесе акт ниту за седум дена од ова барање, странката може да бара да се донесе таков акт од врховниот суд што ја донесол пресудата во прв степен.

По такво барање судот ќе побара од надлежниот орган известување за разлозите поради кои управниот акт не е донесен. Надлежниот орган е должен да го даде ова известување веднаш а најдоцна во рок од седум дена. Ако тој него стори тоа, или ако даденото известување според наоѓањето на судот не го оправдува неизвршувањето на судската пресуда, судот ќе донесе решение кое во сé го заменува актот од надлежниот орган. Судот ќе му го достави ова решение на органот надлежен за извршување и за тоа истовремено ќе го извести органот што го врши надзорот. Органот надлежен за извршување е должен да го изврши ваквото решение без одлагање.

Член 66

Кога е во управниот спор донесена пресуда а државниот орган донесол управен акт во извршувањето на таа пресуда, па кај државниот орган се бара обнова на управната постапка по тој управен акт, обновата може да се дозволи ако причината за обнова настанала кај државниот орган што го донесол актот

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 67

Управните спорови поведени до 7 април 1965 година како ден на влегувањето во сила на Законот за измени и дополненија на Законот за управните спорови („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65) ќе се расправат според досегашните прописи.

Член 68

До донесувањето на закон со кој ќе се уреди постапката за заштита на право на самоуправување утврдено со Уставот или на друго основно право или слобода, ако е такво право или слобода повредено со конечен поединечен акт а не е предвидена друга судска заштита, за барањето за заштита на тоа право или слобода одлучува надлежниот врховен суд.

Во постапката по барањето од ставот 1 на овој член согласно се применуваат одредбите од овој закон.

Ако е поединечен акт донесен по влегувањето во сила на Уставот, рокот за поднесување на барањето од ставот 1 на овој член, ако започнал да тече пред 7 април 1965 година, не може да истече пред 7 мај 1965 година.

Член 69

До донесувањето на закон со кој ќе се регулира заштитата на правата на самоуправувањето и на другите основни права и слободи утврдени со Уставот, кога овие права и слободи се повредени со дејствие на службено лице во орган на управата односно на одговорното лице во работна или друга организација со кое противно на законот непосредно му се спречува или ограничува на определен поединец или на организација вршењето на такво право или слобода, заштитата на овие права и слободи се обезбедува во постапката предвидена во чл. 70 до 78 на овој закон, ако не е обезбедена друга судска заштита.

Член 70

Во предлогот за заштита поради незаконито дејствие ќе се наведат дејствието, местото и времето кога е сторено, органот односно организацијата или службеното лице што го сторило тоа, доказите за тоа, како и барањето да се отстрани пречката или ограничувањето за вршење на правата или обврските.

Член 71

Предлог може да се поднесе сé додека трае дејствието.

Ако лицето спрема кое е преземено дејствието не е во можност самото да поднесе предлог за заштита поради незаконитото дејствие, предлог може да поднесе и неговиот брачен другар, дете, родител или друг блиски роднина.

Член 72

По предлогот за заштита поради незаконито дејствие одлучува окружниот суд на чие подрачје е сторено дејствието. Окружниот суд одлучува во совет составен од тројца судии.

Член 73

Окружниот суд по предлогот постапува итно и на начин со кој, чувајќи ги основните начела на постапката, се обезбедува ефикасна заштита на правата и интересите на граѓаните и организациите.

Член 74

Судот без одлагање ќе му го достави предлогот на одговор на органот што го извршил дејствието односно на одговорното лице што го сторило тоа. Одговорот на предлогот се доставува во рокот што ќе го определи судот.

Судот може, според околностите на случајот, да донесе одлука по предлогот веднаш и без претходно доставување на предлогот на одговор, ако податоците во предлогот даваат за тоа сигурен основ.

Член 75

Кога судот ќе најде дека предлогот е основан ќе донесе решение со кое ќе го забрани понатамошното вршење на дејствието, а во противно ќе го одбие предлогот.

Судот со решение истовремено ќе определи што е потребно за да се воспостави законита состојба, оставајќи рок за извршување, како и ќе ги определи законските санкции за случај на неизвршување на решението.

Член 76

Против решението од членот 75 на овој закон може да му се изјави жалба на републичкиот врховен суд во рок од три дена од денот на доставувањето на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението, но судот може, на предлог, да го одложи извршувањето ако според околностите на случајот најде дека е потребно тоа.

Член 77

Заради обезбедување и извршување на решението судот веднаш ќе преземе што е потребно според околностите на конкретниот случај, а може за решението да го извести старешината на органот што врши надзор, јавниот обвинител, како и други органи, за и тие од своја страна да ги преземат потребните мерки заради воспоставување на законита состојба.

Член 78

Ако решението не биде извршено во оставениот рок, судот ќе го изврши решението непосредно или преку друг суд или орган.

Извршувањето, според околностите на случајот, се спроведува на трошок на органот или организацијата, односно на трошок на одговорното лице што го извршило дејствието.

Заради извршување на решението судот може да му стави предлог на надлежниот орган за отстранување од должноста на одговорното лице, а по потреба може против одговорното лице, ако тоа во определениот рок не го изврши решението, да изрече парична казна до 200.000 динари, како и да определи и други погодни мерки согласно со правилата на извршната постапка.

**404.**

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 23 април 1965 година, донесе

## РЕЗОЛУЦИЈА
## ЗА ПОНАТАМОШНИОТ РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ НА СТАНБЕНОТО СТОПАНСТВО

Измените во системот за финансирање на изградбата и користење на становите, извршени во 1960 година, дадоа позитивни резултати. Со формирањето на општинските фондови за станбена изградба со постојани приходи се зајакна материјалната основа на станбената изградба. Фондовите станаа значајни организатори на изградбата и нарачувачи на голем број станови, а со тоа посредно влијаеја и врз забрзувањето и рационализацијата на градењето. Тие мобилизираа значителни дополнителни средства и ги поттикнаа работните организации на вложување во станбената изградба. Покрај тоа, извршените измени влијаеја и врз афирмацијата и понатамошниот развој на системот за управување со станбените згради.

Меѓутоа, изградбата на станови заостанува зад потребите на работните луѓе, а системот за финансирање на станбената изградба и општествените односи во областа на станбеното стопанство повеќе не се во согласност со достигнатиот степен на стопанскиот развој и со постојните општествено-економски односи. Таа несогласност се огледа, особено, во следното:

— фондовите за станбена изградба и начинот на користењето на нивните средства не создаваат услови за решавање на станбените проблеми за мнозинството на работните луѓе чиј станбен придонес е основа на тие фондови, што истовремено претставува пречка за пополна мобилизација на средствата на работните организации и граѓаните за станбена изградба, а често доведува до административна дистрибуција на кредитите, како и до произволност во доделувањето на становите. Покрај тоа, сегашниот систем за финансирање се карактеризира со недоволна мобилност на средствата наменети за станбена изградба и недоволно рационално користење на тие средства, а истовремено не дава доволно широка и стабилна основа за индустријализација на станбената изградба и производство на станови за пазар таму каде што за тоа веќе постојат други услови;

— постојните станарини не овозможуваат редовно одржување на зградите и обновување на станбениот фонд и не даваат основа станбеното стопанство на соодветен начин да се вклучи во системот за финансирање на проширената репродукција. Станарините не се приспособуваат кон структурата и квалитетот на расположивиот станбен фонд. Покрај тоа, сегашниот систем за формирање на станарините создава и разлика во реалните доходи на работните луѓе и неповолно влијае врз тоа станбената изградба, според видот и опременоста, да се приспособува кон куповната сила и потребите на работните луѓе;

— формите на управување во областа на станбеното стопанство заостануваат зад развојот на материјалната основа и општествените односи. Ова заостанување се огледа во сега веќе неадекватните форми на управување како со станбените згради така и со фондовите за станбена изградба, што го отежнува понатамошниот развој на економските односи во оваа област на стопанството. Недоволно усогласените односи помеѓу органите на управувањето на фондовите за станбена изградба и инвеститорите, банките и работните организации во градежништво, како и помеѓу купувачите на станови, станарите и куќните совети, неповолно влијаат врз изградбата на градови и други населби, врз приспособувањето на урбанистичките решенија кон фактичните потреби и можности за развој на станбеното стопанство во одделни градови и општини, а исто така и врз уредувањето на земјиштата и извршувањето на други комунални работи во согласност со потребите од поинтензивна и индустриска станбена изградба и со барањата што ги поставува индивидуалната станбена изградба.

Тргнувајќи од овие констатации и сметајќи дека е зголемувањето на станбената изградба една од суштествените претпоставки за подобрување на животниот стандард во нашата земја и за побрз растеж на продуктивноста на трудот;

имајќи ја предвид Резолуцијата за основните насоки за понатамошен развој на стопанскиот систем и Резолуцијата за насоките за изработка на општествениот план на Југославија за периодот од 1964 до 1970 година;

а заради доследно спроведување на усвоената политика за пораст на животниот стандард, кој во сегашната фаза од развитокот во голема мера е обусловен од обемот, квалитетот и структурата на станбената изградба, во наредниот период треба:

— да се зголеми обемот на станбената изградба, при соодветен пораст на нејзиното учество во инвестиционата потрошувачка и во средствата наменети за личниот и општествениот стандард; со плановите на општествено-политичките заедници да се обезбеди насочување на станбеното стопанство и создавање предуслови за побрзо решавање на станбените проблеми, при што обемот на станбената изградба треба да биде една од основните пропорции на стопанскиот развиток;

— да се ослободи станбеното стопанство од административните односи, од елементите на буџет-

скиот начин на финансирање и дистрибуција на станови, и да се создаваат услови граѓаните, при соодветна помош од општествената заедница, самостојно да прибавуваат станови; да се воспостават односите што се развиваат во другите области на стопанството и да се активизираат расположивите средства на работните луѓе и работните организации; на работните луѓе да им се овозможи послободно, економски обусловено, определување за видот и категоријата на станот, и тие во основата да се доведат во еднаква положба, било да прибавуваат стан во лична сопственост било да го земат во закуп;

— при уедначувањето на условите за стопанисување и при воспоставањето на соодветните односи на цените во стопанството, да се обезбеди станарините и цените на комуналните услуги да станат реална основа за проширена репродукција во станбено-комуналното стопанство и да добијат соодветно место во личните доходи и во структурата на потрошувачката;

— со политиката на општинските собранија и со мерките за развој на градовите и други населби, а особено со станбената изградба и користењето на земјишта, да се обезбеди процес на урбанизација, усогласен со стопанскиот развиток на подрачјето и приспособен кон социјалната структура, продуктивноста на трудот и економските можности на населението;

— да се развие производството на материјали и елементи за изградба на станови, да се стимулира развојот и примената на индустриските методи на градењето и да се зајакнуваат капацитетите за станбена изградба.

Кон овие задачи треба да се приспособи системот за финансирање на станбената изградба, начинот на формирањето и нивото на станарините, како и начинот на управувањето со зградите во општествена сопственост. Основните елементи на системот, а особено условите за добивање кредити, треба да бидат стабилни за подолг рок. Измените во основните елементи на станарините треба да се врзат за измените во височината на личните доходи и за продуктивноста на трудот во станбената изградба.

Заради остварување на овие задачи понатамошната работа на развивањето на системот на станбеното стопанство треба да се насочи во следните правци:

# I

1. Системот за финансирање на станбената изградба потребно е да се усогласи со извршените измени во стопанскиот систем и со новата улога на работните организации во спроведувањето на инвестиционата политика, заради создавање поповолни услови и поголема заинтересираност на работните луѓе и работните организации за вложување сопствени средства во изградбата на станови.

Станбената изградба треба да се вклучи во општиот систем за кредитирање на инвестициите и, во врска со тоа, да се укинат републичките и општинските фондови и придонесот за станбена изградба.

Трајни извори за финансирање на станбената изградба треба да сочинуваат: станарината, средствата формирани со банкарскиот и кредитниот механизам; средствата што ги наменуваат граѓани за станбена изградба (со изградба или купување на стан, со претплата на стан и станарско право, со наменско штедење, со здружување на средствата и работата во станбените задруги); средствата што работните и други организации и општествено-политичките заедници ги наменуваат за купување и градба на станови.

2. Општествено-политичките заедници со своите мерки и дополнителни средства треба да обезбедуваат поволни услови за развој на станбеното стопанство, за да се создадат и соодветни економски поттикнувања за сите корисници на општествени средства, банките и граѓаните за вложување средства во станбената изградба.

За таа цел е потребно со мерките на општествено-политичките заедници да се создаваат економски поповолни услови за поголеми вложувања во станбена изградба, како што се регресирање на интересот, рокови за отплата на кредитите, услови за користење и уредување на земјишта и сл.

3. Заради обезбедување средства за кредитирање на предвидениот обем на изградбата на станови и заради нивно рамномерно притекување, со стопанско-планските мерки врз основа на општествените планови на Југославија ќе се насочуваат во станбената изградба средствата или дел од средствата од определени извори што се погодни за кредитирање на станбената изградба.

4. Во финансирањето на станбената изградба значајна улога треба да имаат деловните банки, а во прв ред банките што можат непосредно да ги кредитираат инвеститорите и купувачите на станови. За таа цел со општествените планови, со општите мерки на кредитната политика, со насочување на средствата за долгорочни вложувања и со користење на веќе создадените средства за станбена изградба, треба да се создадат предуслови за поголемо учество на банките во кредитирањето на станбената изградба и за развивање на нивната иницијатива во собирање на слободните средства на граѓаните, работните и други организации и општествено-политичките заедници за кредитирање на станбената изградба.

5. Откако ќе ги оценат вкупните средства што можат да се употребат за кредитирање за станбената изградба и средствата на купувачите, деловните банки, во меѓусебна соработка, а врз основа на мерките на кредитната политика, го определуваат и го обезбедуваат своето учество во кредитирањето на изградбата и купувањето на станови.

Со сојузен закон треба да се овозможи републиките со соодветни мерки во согласност со начелата на кредитниот систем да обезбедуваат единствени услови за кредитирање на станбената изградба на територијата на републиката или на определени делови од оваа територија.

Со посебни прописи, а врз основа на општествените планови на Југославија, можат да се определат поблиски услови за кредитирање на станбената изградба, како што се рок за отплата, височина на интересната стопа и сл.

6. Купувачите на станови и инвеститорите се здобиваат со право на кредит во рамките на расположивите средства кај банката на подрачјето на кое купуваат или градат стан, ако исполнат определени услови. Условите за добивање кредити мораат да бидат еднакви за работните организации, работниците и станбените задруги.

Со мерките на кредитната политика треба да им се овозможи на работните луѓе за да обезбедат учество при добивање кредити за изградба и купување на станови да користат кредити со пократки рокови за отплата.

Општините и републиките можат да пропишат за какви видови станови купувачите и инвеститорите можат да користат кредити и олеснениja со кои општествената заедница ја поттикнува и ја помага станбената изградба.

Со прикладни форми на заедничко финансирање на станбената изградба, односно со погодни методи за субвенционирање, потребно е работните луѓе во основата да се доведат во истата положба, било да отплатуваат ануитет било да плаќаат станарина. Тој принцип треба да се оствари со соодветни форми на здружување на средствата на работните луѓе, работните организации и банкарските кредити, и со приспособување на условите за кредитирање на членовите на работната заедница кон нивните економски можности.

7. Работните организации треба во рамките на својата програма на општиот развој да утврдат и долгорочна програма за решавање на станбените проблеми на членовите на работната заедница. Од фондовите на заедничката потрошувачка работни-

те и други организации и работните заедници можат да ги кредитираат работниците, да градат и да купуваат станови, како и на работниците да им даваат субвенции за зголемени станарини, под условите утврдени со нивниот општ акт.

Во склопот на решавањето на станбените проблеми за подолг период, работните организации, самостојно или здружувајќи ги средствата според своите потреби и можности, ќе го решаваат станбениот проблем на самите.

8. Општествено-политичките заедници од своите редовни приходи ќе обезбедуваат средства за учество во финансирањето на станбената изградба и за субвенционирање на станарината на граѓаните за кои општествената заедница посебно се грижи (борци на НОВ, инвалиди и др.).

Републичките заедници на социјалното осигурување треба во своите фондови да обезбедуваат и средства за давање субвенции на пензионерите за зголемени станарини, под условите и според мерилата определени со одлуките на своите собранија, користејќи ги за тоа и средствата што сега ги одвојуваат со придонесот за станбена изградба.

9. Со соодветни прописи треба да се обезбеди инвестиционите програми за нови стопански и нестопански објекти да содржат и средства за изградба на станови што се неопходни за нормално функционирање на овие објекти.

II

1. Кредитирањето на основните комунални објекти (водовод и канализација) и на уредувањето на земјишта за станбена изградба треба да се доведе во согласност со веќе извршените измени во системот за долгорочно кредитирање и тоа кредитирање, по правило, да се постави на истите основи врз кои се заснова и системот за кредитирање на станбеното стопанство.

2. Средствата за кредитирање на основните комунални објекти треба да се обезбедат од истите извори од кои се предвидува кредитирање на станбената изградба. Нивниот обем треба да биде во соодветна сразмера со средствата што се вложуваат во станбената изградба, а условите за нивно користење треба да ѝ одговараат на природата на вложувањата во овие објекти.

3. Уредувањето и комуналното опремање на земјишта за станбена изградба треба да се финансира од куќарината, од придонесот за користење на земјиште и другите приходи на општините предвидени со прописите за финансирањето на општествено-политичките заедници, како и од средствата на комуналните стопански организации и од цената на станот.

III

1. За да се создадат соодветни материјални предуслови за примена на новите форми на финансирање на станбената изградба и овозможи развивање на економските односи во станбеното стопанство, неопходно е да се напушти досегашниот административен начин на определување на станарините, и да се премине на станарини кои содржат фактични трошоци на управувањето и одржувањето на становите и станбените згради во закуп, и овозможуваат замена и проширена репродукција на станбениот фонд. Станарините не треба да зависат само од номиналната вредност на станот, туку и од неговата категорија, положба и опрема.

2. Раководејќи се од начелото дека роковите не можат да бидат подолги од фактичниот век на траењето на зградата ниту пократки од роковите за враќање на кредитите за станбена изградба, општинските собранија ги утврдуваат во согласниот со закон роковите за амортизација на станбените згради односно стопата на амортизацијата на станбениот фонд, како и другите елементи и мерила на цената на станбените услуги.

3. На организација што издава станови во закуп треба со закон да ѝ се овозможи од станарината, покрај редовните трошоци за управување и одржување, да ги подмирува и обврските по кредитите за изградба на станови (ануитет). Притоа работните организации можат, согласно со своите општи акти, да им субвенционираат дел од станарината на членовите на работната заедница, а општествено-политичките заедници, согласно со своите прописи, на лицата за кои тие посебно се грижат.

Условите и мерилата за определување на субвенциите треба да зависат од квалитетот на станот, бројот на членовите на семејството, височината на личните доходи и други критериуми што ги утврдуваат работните организации односно општествено-политичките заедници. Републиката може со свои прописи да ги определува основите и елементите за утврдување на условите и мерилата.

4. За да претставуваат приходите од станарината реална база за нормално одржување и замена на становите, станарините треба постојано да се усогласуваат со трошоците на изградбата и одржувањето.

Станарината подлежи на општествена контрола на цените.

IV

1. Предложениот систем бара воспоставање на нови односи и во управувањето со станбениот фонд во општествена сопственост. На станбеното стопанство најмногу му одговара формирањето на специјализирани работни организации со статус на комунални организации што ќе го управуваат станбениот фонд во општествена сопственост, ќе станат одговорни за неговото одржување и репродукција и на станбеното стопанство да му создадат поширока и посамостојна материјална основа за неговиот развој.

2. Треба понатаму да се засилува иницијативата на станарите и самостојноста на куќните совети во поглед одржувањето на становите и станбените згради. Во рамките на своите права станарите и куќните совети можат, врз основа на договор, вршењето на сите или определени работи на одржувањето да го пренесат врз организација за стопанисување со станбен фонд.

Правата и обврските на станарите и куќните совети, од една страна, и закуподавачите, од друга страна, во поглед на инвестиционото одржување, се утврдуваат со договор.

Со закон треба да се предвиди форма на учество на станарите во управувањето со специјализираната организација, како организација од посебен општествен интерес.

3. Организациите за стопанисување со станбениот фонд треба да се формираат на начин кој најмногу им одговара на потребите на даденото подрачје. Зависно од состојбата и големината на станбениот фонд во општествена сопственост во општината, ќе се формираат една или повеќе самостојни организации или овие работи ќе ги врши работната единица на една од постојните работни организации. Работните организации што граделе станови или со нив се здобиле по други основи, можат за вршење на овие работи да формираат специјализирана организација, а можат вршењето на овие работи да ѝ го доверат на своја посебна работна единица.

Општината го пренесува правото за управување со станбениот фонд со кој сега управува врз специјализираната организација што ја основа или врз една од постојните работни организации.

4. Заради заштита на интересите на станарите, правото за располагање со станови и правото за користење на стан треба и понатаму да се регулира со посебен закон.

V

1. Во новите услови општините треба да му обрнат особено внимание на остварувањето на предусловите за станбена изградба, при што просторното планирање добива посебно значење.

Урбанистичките планови треба да станат основен инструмент со кој општинските собранија го насочуваат развојот на градовите и населбите и го предвидуваат обемот, видот и условите за станбена изградба и степенот на комуналната опременост. Тие треба да се конкретизираат со повеќегодишни планови и програми за станбена изградба, усогласувајќи ги интересите и можностите на општеството, градителите и идните корисници на становите.

2. Урбанистичките услови треба максимално да ја поттикнуваат станбената изградба и да им даваат најшироки можности на градителите и купувачите на станови.

Деталните урбанистички планови и архитектонските проекти потенцијално содржат значајни резерви за побрза, порационална и поквалитетна станбена изградба, поради што на нивната изработка треба да ѝ се обрне поголемо внимание.

Бидејќи изградбата на станови, комунални и придружувачки објекти сочинува целина во развојот на град, општинските собранија треба со програмирањето да влијаат врз нивната целосна изградба.

3. Изградбата на семејни станбени згради треба да се насочува кон современите методи на градење, со уредување на земјишта за оваа градба, со примена на типски проекти и монтажни елементи за градење. Треба да се упрости постапката за издавање дозвола за градење и да се забрза решавањето на имотноправните односи.

4. Во спроведувањето на програмата за станбена изградба мошне значајно место имаат одлуките и мерките на општинското собрание во поглед на благовремената подготовка и комуналното уредување на градежното земјиште за станбена изградба. Условите под кои општината дава земјиште за користење треба да им бидат познати на сите учесници во изградбата, за да можат тие да ги согледаат на време своите обврски и според економските критериуми да се определат за изградба односно купување стан. Овие услови треба да послужат како ефикасно средство на влијание врз миграционите движења на населението.

5. Со цел за решавање на проблемите што ги преминуваат границите на општината треба да се развиваат погодни форми на меѓуопштинска соработка во програмирањето на станбената изградба, во формирањето на заеднички урбанистички служби, во решавањето на снабдувањето со вода и во другите комунални прашања.

Современиот развој на станбената изградба бара засилување на урбанистичките служби и установи.

## VI

1. Со поширока примена на индустриските методи за градење, со модернизација на технолошкиот процес и со специјализација на капацитетите за изградба на станови треба да се придонесува за зголемување на обемот и за рационализација на станбената изградба.

2. Со понатамошниот развој на стопанскиот систем треба да им се овозможи на претпријатијата за изградба на станови и производство на материјали за градење самостојно да ги развиваат своите капацитети.

Со општествените планови и мерките на стопанската политика потребно е да се постигне побрз развој на капацитетите за индустриско производство на станови, елементи и материјали, за да може да се оствари планираниот обем на станбената изградба.

3. Производството на станови за пазар треба да се приспособува кон потребите и можностите на корисниците и да се развива како основна форма на станбена изградба каде што постојат услови за тоа.

Производителите на станови треба во поглед на кредитирањето со обртни средства да се третираат како и другите производители, имајќи ги предвид специфичните услови на градењето на станови.

Производството на станови за пазар бара, во интерес за заштита на корисниците на становите и заедницата, да се донесат прописи за минималните технички услови за изградба на станови, гарантните рокови, условите за технички прием и сл.

4. Индустријализацијата на градењето треба да се остварува како целосен процес — од проектирањето до изградбата на стан, како финален производ.

При тоа е неопходно да се развиваат методите на монтажно градење, модернизацијата на завршните работи, како и типизацијата на проектирањето, стандардизацијата на материјалите, елементите и конструкциите и нивното атестирање.

Суштествен услов за индустријализација на градењето е користењето на резултатите од научноистражувачката работа и активното учество на производителите во развојот на таа работа.

## VII

Начелата утврдени со оваа Резолуција треба да се остваруваат напоредно со развојот на стопанскиот систем, со стабилизацијата на стопанството, со порастот на личните доходи и со унапредувањето на производството на станови.

За да започне овој процес, нужно е што поскоро да се преземаат соодветните економски и организациони мерки. Сите општествено-политички заедници и работни организации треба својата политика за решавање станбените проблеми да ја усогласат со начелата на оваа Резолуција и што поскоро да се подготват за воспоставање нови односи во станбеното стопанство. За таа цел:

1. Сојузниот извршен совет и надлежните органи треба, врз основа на начелата и насоките од оваа Резолуција, да ѝ предложат на Сојузната скупштина соодветни прописи со кои во согласност со материјалните односи и можности ќе се даде правна основа на новиот систем, ќе се регулира преминувањето на тој систем и ќе се утврдат роковите и постапката за престанок на работата на фондовите за станбена изградба и укинувањето на придонесот за станбена изградба.

Надлежните органи треба да подготоват и предложат прописи за специјализираните организации за стопанисување со станбен фонд во општествена сопственост.

Законот за станбените односи треба да се усогласи со принципите на новиот систем за станбено стопанство, за да можат републиките да ги разработат начелата на Резолуцијата што се однесуваат на станарината и управувањето со станбените згради.

2. Потребно е да се оспособат банките да ги прифатат работите на кредитирањето на станбената изградба и да го развијат механизмот за вршење овие работи (штедна служба и сл.).

3. Општинските собранија треба, во согласност со законот, да одлучат за начинот на управување со станбените згради, за стопата на амортизацијата и за други мерила за формирање на станарината, Општинските собранија треба да извршат и подготовки за ревалоризација на становите, заради уедначување на станарините во сите станови врз основа на нивниот квалитет и опрема.

**Сојузна Скупштина**

АС бр. 411
24. април 1965. година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ**, с. р.

Претседавач
на Стопанскиот собор,
**Бранко Жежељ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

**405.**

Врз основа на членот 6 став 1, во врска со чл. 4 и 5 став 1 на Основниот закон за јавните патишта („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 9/65), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ОД I РЕД

1. Јавни патишта од I ред се патиштата:

1) државната граница — Љубељ — Накло — — Крањ — Љубљана — Загреб — Славонски Брод — Белград — Осипаоница — Велика Плана — Светозарево — Ниш — Лесковац — Врање — Куманово — Скопје — Титов Велес — Неготино — Ѓевгелија — државната граница;

1а) Накло — Јесенице — Ратече — државната граница;

1б) Загреб — Грубешево — Забок — Крапина — Птуј;

1в) Адашевци — Шид — Илок — Бачка Паланка

1г) Куманово — Страцин — Крива Паланка — државната граница;

1д) Титов Велес — Штип — Кочани — Делчево — државната граница;

2) државната граница — Копер — Порторож — Буе — Пула — Риека — Сењ — Задар — Шибеник — Сплит — Плоче — Дубровник — Каменари — Лепетане — Тиват — Петровац — Титоград — Колашин — Рибаревина — Иванград — Рожај — Косовска Митровица — Приштина — Урошевац — Скопје;

2а) Риека — Рупа — Обров — државната граница;

2б) Петровац — Бар — Улцињ;

2в) Каменари — Котор — Лепетане;

3) државната граница — Дравоград — Марибор — Птуј — Ормож — Вараждин — Ѓурѓевац — Вировитица — Нашице — Осиек — Вуковар — Илок — Бачка Паланка — Нови Сад — Жабаљ — Зрењанин;

3а) Осиек — Бели Манастир — државната граница;

4) врската со патот бр. 1 — Ново Место — Карловац — Тушиловиќ — Глина — Босански Нови — Приедор — Бања Лука — Добој — Тузла — Живинице — Зворник — Лозница — Ваљево — Лазаревац — Аранѓеловац — Топола — Рача — врската со патот бр. 1;

5) врската со патот бр. 8 — Дрежник — Бихаќ — Босански Петровац — Јајце — Доњи Вакуф — Травник — Каоник — Кисељак — Сараево — Горажде — Вишеград — Титово Ужице — Пожега — Прељина — Кралево — Крушевац — Појате — Параќин — Бољевац — Заечар — државната граница;

5а) врската со патот бр. 1 — Славонски Брод — Дервента — Добој — Зеница — Каоник;

6) државната граница — Шентиљ — Марибор — Целје — Љубљана — Калце — Постојина — Сежана — државната граница;

6а) Калце — Ајдовшчина — Горица;

6б) Сеножече — Копер;

6в) Постојна — Пивка — Илирска Бистрица — Рупе;

7) државната граница — Доња Лендава — Чаковец — Вараждин — Загреб — Карловац — Риjека;

7а) Чаковец — Ходошан — државната граница;

8) Тушиловиќ — Плитвице — Удбина — Брувно — Грачац — Ервеник — Книн — Сињ — Сплит;

9) државната граница — Вировитица — Грубишно Поле — Дарувар — Окуќани — Босанска Градишка — Бања Лука — Јајце — Бугојно — Ливно — Каменско — Триљ — Сињ;

10) Вуковар — Винковци — Жупања — Орашје — Тузла — Кладањ — Сараево — Јабланица — Мостар — Опузен;

11) државната граница — Хоргош — Суботица — Нови Сад — Белград — Љиг — Рудник — Горњи Милановац — Прељина — Кралево — Рашка — Косовска Митровица;

11а) Рашка — Нови Пазар — врската со патот бр. 2;

11б) Белград — Зрењанин — Кикинда — Наково — државната граница;

12) Нови Сад — Рума — Шабац — Коцелево — Валево — Косјериќ — Пожега;

12а) Шабац — Лешница — Лозница;

13) државната граница — Бела Црква — Уљма — Панчево — Белград;

13а) Уљма — Вршац — државната граница;

14) Горажде — Фоча — Гацко — Билеќа — Требиње — врската со патот бр. 2;

15) Титово Ужице — Нова Варош — Приеполе — Биело Поле — врската со патот бр. 2;

16) Осипаоница — Пожаревац — Кучево — Мајданпек — Рудна Глава — Неготин — државната граница;

17) државната граница — Кладово — Неготин — Заечар — Књажевац — Ниш — Кочане — Прокупле — Куршумлија — Приштина — Урошевац — Штимље — Призрен — државната граница;

17а) Призрен — Ѓаковица — Пеќ;

18) Ниш — Долац — Бела Паланка — Пирот — Димитровград — државната граница;

19) Градско — Прилеп — Битола — Ресен — Охрид — Струга — Дебар — државната граница;

20) Скопје — Тетово — Гостивар — Кичево — Битола — државната граница;

20а) Тетово — Вратница — Глобочица — врската со патот бр. 2;

21) Брод на Дрина — Шќепан Поле — Бајово Поле — Никшиќ — Глава Зете — Даниловград — Титоград — Тузи — државната граница.

2. Претпријатијата за патишта се должни на патиштата од I ред определени со оваа одлука да постават соодветни сообраќајни знаци и ознаки до 31 декември 1965 година.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Решението за категоризација на јавните патишта („Службен лист на ФНРЈ бр. 2/51).

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 59
21 април 1965 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**406.**

Врз основа на членот 14 став 3 од Основниот закон за службата за безбедност на пловидбата („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/64), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЛОВНИТЕ ПАТИШТА ОД МЕЃУНАРОДНО ЗНАЧЕЊЕ

**I. Поморски пловни патишта**

1. Поморски пловни патишта од меѓународно значење во југословенското крајбрежно море, во смисла на оваа одлука, се пловните патишта што им служат на бродовите за:

1) вплововање од отворено море во лука отворена за меѓународен сообраќај;

2) минување по крајбрежното море;

3) пловидба помеѓу луките отворени за меѓународен сообраќај.

Поморските пловни патишта од точката 1 на оваа одлука ги опфаќаат и објектите за безбедност на пловидбата што ѝ служат на меѓународната пловидба на тие патишта.

2. Поморски пловен пат е појас на море доволно длабок и широк за безбедна пловидба на брод, кој, по потреба, и е обележен.

3. Пловните патишта од точката 1 на оваа одлука ги опфаќаат:

1) водите на југословенското територијално море

2) пловните патишта на југословенските внатрешни морски води што се протегаат по каналите, заливите и минувалиштата, и тоа по:

а) каналите: Умашки, Фажански, Кварнерски, Униски, Тихи, Кварнериќки, Велебитски, Средња Врата, Крушија, Маунски, Похлипски, Силбански, Вирски (Вирско Море), Задарски, Ривањски, Средњи, Пашмански, Муртерски (Муртерско Море), Жирјански, Св. Анте, Шибенски, Зларински, Дрвенички, Сплитски, Брачки, Хварски, Паклени, Корчулански, Неретвански, Пељешки, Ластовски, Мљетски, Колочепски и Будвански;

б) заливите: Коперски, Пирански, Пулски, Рашки, Малолошињски, Риечки, Бакарски, Каштелански, Велалучки и Бококоторски;

в) минувалиштата: Сењска Врата, Макнаре, Проверса и Сплитска Врата;

3) пловните патишта на Скадарското Езеро со каналот Вир Пазар и со каналот Риека Црноевиќа.

4. На меѓународната пловидба во смисла на точката 1 од оваа одлука, ѝ служат објектите за безбедност на пловидбата, и тоа:

а) за водите на територијалното море:

1) чуваните светилници: Мадона, Савудрија, Зуб, Св. Иван на Пучини, Пинида, Порер, Внетак, Сусак, Вели Рат, Сестрице (Таер), Блитвеница, Муло, Хост, Стончица, Сушац, Палагружа, Струга, Глават, Св. Андрија, Св. Никола (Будва) и Мендра;

2) крајбрежните светла: Дебели, Изола (Петелин), Паклена, Барбаран, Пореч (остров Св. Никола), Галинер, Алтиеж, Марми, Св. Еуфемија, Кабула, Албанеж, Галиола, Шило, Камењак, Муљице, Пелегрин, Водњак Вели, Лукавци, Волиќи, Крава, Барјаци, Ступишќе, Произд, Вело Данце, Палагружа, Горњи 'рт (Колочеп), Гребени, Молунат (островце), Оштри 'рт, Платамон, Воловица и Улцињ;

3) ознаките: Савудрија, Шипар, Вал, Ламеја, Цивран, Амболиро, Бекарија, Бенвенјуда, Црљена Земља, Марми Велики, Лунга гребен (Сасо), Куверсада, Лим, Св. Катарина, Самер, Пирузи Мали, Двије Сестрице, Галија, Фенолига, Кршине, Расоха и Каменик;

б) за пловните патишта на каналите, заливите, минувалиштата и езерата од точката 3 на оваа одлука, и тоа на:

1) Умашкиот канал:

— крајбрежното светло Умаг; ознаките: Гречи и Умаг;

2) Фажанскиот канал:

— крајбрежните светла: Салуга, Ранкун, Котеж и Св. Јеролим; ознаките: Мртулин, Фажана I и Фажана II;

3) Кварнерскиот канал:

— светилниците: Марлера, Црна Пунта, Ковачине, Престенице; крајбрежните светла: Лакуњи, Зеча, Заглав, Крижице (Црес), Мелин, Св. Андрија (Рабац); ознаките: Сика и Осор;

4) Унискиот канал:

— крајбрежното светло Курила и ознаката Ардит;

5) Тихиот канал:

— светилникот Вошќица; крајбрежните светла: Св. Марко, Дубно, Турнац и Ертак;

6) Велебитскиот канал:

— крајбрежните светла: Црни хрид, Ступања (Шило), Токал, Св. Антон, Сењ (Св. Амброз) Сењ (Марија Арт), Јабланац ('рт Штокиќ), Јабланац ('рт Градиќ), Главина, Јуришница и Карлобаг; ознаките: Млини, Призна и три сигнални плутачи;

7) каналот Средна Врата:

— крајбрежните светла: Манганел, Трањево и Галун;

8) каналот Крушија:

— крајбрежните светла: Плавник и Тареј;

9) каналот Кварнериќ:

— светилниците: Трстеник и Груица; крајбрежните светла: Сорињ, Калифронт, Кристофор, Дофин, Товарнеле, Палацол, Вели Брак и Моровник; ознаките: Товарнеле, Гребен и Гребен Метлина;

10) Маунскиот канал:

— крајбрежните светла: Мандре и Заглав;

11) Похлипскиот канал:

— крајбрежните светла: Шкрда и Похлиб;

12) Силбанскиот канал:

— крајбрежните светла: Јужни Арат и Гребени

13) Вирскиот канал (Вирско Море):

— светилникот Вир, крајбрежното светло Саида и ознаката Гришни Мули;

14) Задарскиот канал:

— светилникот Оштри 'рт (Мика); крајбрежните светла: Петрчане, Ошљак и Подвара; ознаката Дршаница;

15) Ривањскиот канал:

— светилникот Три Сестрице; крајбрежните светла: Занарин, Ривањ и Сеструњ; ознаката Три Сестрице;

16) Средниот канал:

— крајбрежните светла: Карантуниќ, Мртовњак, Балабра Мала, Кошара и Галијолица; ознаката Кнежак;

17) Пашманскиот канал:

— светилниците: Бабац и Св. Ката; крајбрежните светла: Галешњак, Ричул, Коморник, Пашман, Минерва, Бабац и источен 'рт, Кочерка, Чаватул, Планац, Биоград и Оштарије; ознаката Биоград;

18) Муртерскиот канал (Муртерско Море):

— светилникот Пришњак; крајбрежните светла: Артица, Мишине, Муртериќ, Смоквица Вела, Мртовњак, Кукуљари и Бачвица; ознака Мијока;

19) Жирјанскиот канал:

— крајбрежните светла: Прашќица, Муна, Раван и Хрбошњак;

20) Каналот Св. Анте:

— светилникот Јадрија; крајбрежните светла: Рочни, Св. Никола, Сенишна, Дебела, Баба, Св. Анте, Св. Криж, Јужни Туран и Паклена; сигналните станици: Јадрија и Св. Ана;

21) Шибенскиот канал:

— крајбрежните светла: Роженик, Дрвеник и Коњ; ознаките: Роженик и Крапањ;

22) Зларинскиот канал:

— крајбрежните светла: Тијашчица, Сестре (Зларин), Коморица, Рат (Зларин), Дваинка, Кремик и Пелеш; ознаките: Грбавац и Вели Брак;

23) Дрвеничкиот канал:

— светилникот Велика Мурвица; крајбрежните светла: Пасике и Галера;

24) Сплитскиот канал:

— светилниците: Палом поморцу и Сплит лукобран; ознаката Мачина;

25) Брачкиот канал:

— светилниците: Св. Никола Пучишќе и Св. Петар Макарска; крајбрежното светло: Лашќатна; ознаката Дуги Рат;

26) Хварскиот канал:

— светилникот Суќурај; крајбрежните светла: Кабал и Зечево;

27) Паклениот канал:

— светилникот Покоњидол; крајбрежните светла: Галишник и Св. Јеролим;

28) Корчуланскиот канал:

— светилниците: Плочица и Ловиште; крајбрежните светла: Шќедро и Осичац;

29) Неретванскиот канал:

— крајбрежното светло Гуманац;

30) каналот Плоче:

— крајбрежните светла: Вишњица јужна, Вишњица северна, Бад, светлечка плутача I и светлечка плутача II;

31) Пељешкиот канал:

— светилникот Сестрица Вела; крајбрежните светла: Кнежа и Оребиќ; ознаките: Врбовица и Лучњак;

32) Ластовски канал:

— крајбрежните светла: Подмрчару, Тајан Вељи и Ражњиќ;

33) Мљетскиот канал:

— светилникот Олипа; крајбрежните светла: Лирица и Совра (Пуста);

34) Колочепскиот канал:

— светилниците: Дакса и 'рт Доњи; крајбрежните светла: Тајан, Тиха, Трстено, Груж (Кантафиг) и Мокошица; ознаката Лапад плиќ;

35) Будванскиот канал:

— крајбрежните светла: Будва (светлечка плутача), Будва (Славенска плажа I), Будва (Славенска плажа II);

36) Пулскиот залив:

— крајбрежните светла: Пула Компар, Пула Проштина, Пула Катарина I, Пула Катарина II, Пула Андрија I, Пула Андрија II, Пула Андрија западно и Пула Уљаник;

37) Рашкиот залив:

— крајбрежните светла: Убац, Мулац, Куќица, Св. Микула, Тунарица, Прашќарица, Тепло и Трагет;

38) Малолошињскиот залив:

— светилникот Муртар; крајбрежните светла: Заводацки, Торунза, Колударц, Криж и Пољана;

39) Риечкиот залив:

— светилникот Риека Млака; крајбрежните светла: Танка Пунта и Сушак (светлечка плутача);

40) Бакарскиот залив:

— светилникот Оштро и крајбрежното светло Кавраниќ;

41) Каштеланскиот залив:

— крајбрежните светла: Марјан, Марјан (светлечка плутача), Галија плиќ, Шило, Галија хрид, Барбаринац, Ситнице и Барбаринац (светлечка плутачка); ознаките: Пољуд и Галија;

42) Велалучкиот залив:

— крајбрежните светла: Камењак и Вранац;

43) Бококоторскиот залив:

— крајбрежните светла: Мамула, Ѓеновиќи, Пристан, Св. Неѓеља, Опатово, Турски, Госпа, Св. Стасије и Прчањ (Рѓаково);

44) Минувалиштето Сењска Врата:

— светилникот Стражица;

45) Минувалиштето Макнаре:

— крајбрежните светла: Бонастер, Тун Мали, Тун Вели и Трата;

46) Минувалиштето Проверса: три ознаки без имиња ;

47) Минувалиштето Сплитска Врата:

— светилникот Ражањ; крајбрежните светла: Ливка и Мрдуља;

48) Скадарското Езеро:

— крајбрежните светла: Пиеска, каналот Вир Пазар и каналот Риека Црнoевиќа, со ознаките на тие канали.

**II. Внатрешни пловни патишта**

5. Пловни патишта од меѓународно значење во внатрешните води на Југославија, во смисла на оваа одлука, се внатрешните пловни патишта на кои се врши меѓународна пловидба или пловидба од најмалку една странска држава.

Пловните патишта од меѓународно значење во внатрешните води на Југославија ги опфаќаат и објектите за безбедност на пловидбата што се наоѓаат на нив.

6. Пловните патишта од точката 5 на оваа одлука ја опфаќаат:

1) реката Дунав, и тоа делот од југословенско-унгарската граница до Винци и делот од Костол до југословенско-бугарско-романската тромеѓа, со објектите за безбедност на пловидбата што се наоѓаат на тие делови од реката Дунав (сигнални станици, крајбрежни и пловни сигнали, пловидбени ознаки, звучни, оптички, електрични и други уреди и направи за безбедност на пловидбата, зимовници и др.);

2) реката Тиса од југословенско-унгарската граница до устието во Дунав, со објектите за безбедност на пловидбата што се наоѓаат на тој дел од реката Тиса

**III. Заедничка одредба**

7. Како објекти за безбедност на пловидбата што служат за потребите на меѓународната пловидба во југословенското крајбрежно море и на југословенските внатрешни пловни патишта ќе се сметаат и оние објекти што по влегувањето во сила на оваа одлука ќе бидат изградени во крајбрежното море и на внатрешните пловни патишта од средствата на федерацијата, врз основа на договорите склучени помеѓу федерацијата и установите за одржување на пловните патишта според одредбите на членот 14 став 2 од Основниот закон за службата за безбедност на пловидбата.

**IV. Завршна одредба**

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 60
21 април 1965 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

---

**407.**

Врз основа на членот 40 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65 и 20/65), на предлог од Народната банка на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ КРЕДИТИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ РАБОТИ

1. Кредити за определени работи предвидени во членот 40 на Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година деловните банки можат на стопанските и други работни организации да им даваат врз основа на депозитите по видување и кредитите добиени од Народната банка на Југославија, и тоа во границите и под условите од оваа одлука.

2. Кредити за определени работи деловните банки можат да даваат:

1) за производство на стоки за извоз што се произведуваат по порачка и чиј производно-технолошки процес трае подолго од 6 месеци (бродови, машини — постројки, градежни конструкции и друга опрема).

Деловните банки можат да даваат кредити и за производство на стоки за извоз по порачка, чиј производно-технолошки процес трае помалку од 6 месеци, но не помалку од 3 месеци, со претходна согласност од Народната банка на Југославија.

По исклучок, деловните банки можат да им даваат кредити за производство на стоки за извоз на работните организации што организираат производство и извоз на определени производи што се произведуваат надвор од општествениот сектор.

Кредитите за производство на стоки за извоз деловните банки можат да ги даваат до височината на трошоците на производството на стоките чиј извоз е договорен.

Рокот за враќање на овие кредити не може да биде подолг од договорениот рок за испорака на стоките чие производство се кредитира;

2) за производство на земјоделски производи од страна на земјоделски организации со средства во општествена сопственост и во кооперација со индивидуални земјоделски производители.

Кредитите за производство на земјоделски производи, како сопствени така и во кооперација со индивидуални земјоделски производители, можат да се даваат до височината на трошоците на производството во врска со набавките од други лица на материјалот потребен за производство на определени земјоделски производи. Кредитите дадени за производство на земјоделски производи можат да

се употребат и за давање парични аванси на индивидуалните земјоделски производители врз основа на договорот за кооперација, а до височината предвидена со важечките прописи.

Од средствата на кредитите за производство на земјоделски производи не можат да се вршат исплати на аконтации на личните доходи, ниту исплати на фактури за материјал испорачан од страна на погонски односно економски единици.

По исклучок, на земјоделските организации чие производство бара ангажирање на поголем број работници (шеќерна репка, тутун, хмел и сл.) можат, покрај кредитите за земјоделско производство до височината на трошоците на материјалот набавен од други лица од ставот 2 на одредбата под 2 на оваа точка, да им се даваат и кредити до височината на износот потребен за исплата на аконтациите на личните доходи.

Договорите за кредит за земјоделско производство се склучуваат за секој одделен вид земјоделско производство (пченица, пченка, гоење добиток, одгледување добиточен подмладок, ран зеленчук, доцнежен зеленчук и сл.).

Овие кредити не можат да им се дадат на организации што имаат стасани а ненаплатени побарувања;

3) за производство и промет на филмови, за приготвување и за залихи на определени изданија, како и за продажба на книги на кредит на библиотеките од страна на издавачките претпријатија — во сé според соодветните важечки прописи.

3. Кредитите за определени работи одобрени до денот на влегувањето во сила на оваа одлука ќе се користат на начинот и под условите што се договорени.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на изворите и границите за давање кредити за определени работи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 62
28 април 1965 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

## 408.

Врз основа на членот 58 од Основниот закон за заштита на растенијата од болести и штетници („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/65), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАСТИТЕЛНИОТ ШТЕТНИК ЧИЕ СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ Е ОД ИНТЕРЕС ЗА ЦЕЛАТА ЗЕМЈА

1. Растителниот штетник губар (Lymantria dispar L.) е економски штетен растителен штетник и неговото спречување и сузбивање е од интерес за целата земја.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 61
28. април 1965 година
Београд

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

## 409.

Врз основа на членот 5 од Законот за употреба на средствата на работните организации во 1965 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 19/65), сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА

### ЗА СРЕДСТВАТА ШТО ВО СМИСЛА НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО 1965 ГОДИНА МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

1. Како средства што во смисла на членот 1 од Законот за употреба на средствата на работните организации во 1965 година (во понатамошниот текст: Законот) можат работните организации да ги користат за инвестиции во стопанството се подразбираат:

1) средствата со кои работните организации располагаат во својот деловен фонд над минималниот износ на обртните средства, утврден според упатството од Народната банка на Југославија;

2) средствата што во текот на 1965 година ќе бидат внесени во деловниот фонд врз основа на важечките прописи или по одлука од надлежниот орган на управувањето на работната организација;

3) средствата на амортизацијата што не сочинуваат составен дел на деловниот фонд.

Средствата што можат да се користат за инвестиции во стопанството утврдени во смисла на ставот 1 од оваа точка се намалуваат за средствата употребени за запишување на заеми што ги распишуваат републиките врз основа на овластувањата од членот 6 на Законот за престанок на важењето на Законот за придонесот за општествените инвестициони фондови и за обезбедување средства за регулирање на обврските настанати со укинување на тој придонес („Службен лист на СФРЈ“, бр. 31/64).

2. Како инвестициони вложувања, во смисла на точката 1 од ставот 1 на членот 2 на Законот, се подразбираат вложувањата како за вршење инвестициони работи така и за набавка на опрема и за други трошоци за објекти што сочинуваат техничка целина.

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 2/1-5380/1
28 март 1965 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Киро Глигоров,** с. р.

## 410.

Врз основа на членот 20 од Законот за Сојузниот совет за координација на научните дејности и за Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/65), управниот одбор на Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности распишува

## КОНКУРС

### ЗА ДАВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИТЕ ПРОЕКТИ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 1965 ГОДИНА

1. Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности (во понатамошниот текст: Фондот) под условите пропишани во овој конкурс ќе дава средства за финансирање на следните научноистражувачки проекти:

а) **Природни науки:**

1) Математичка анализа; 2) Алгебарски, тополошки и геометриски структури; 3) Нумеричка математика (Теориски развој); 4) Теориска и применета механика; 5) Комплексно истражување на физичките процеси и појави на земјата; 6) Изучување на растежот и диференцијацијата; 7) Анализа на промените и интеракциите на макромолекулите во живите системи; 8) Изучување на механизмите на имунобиолошките реакции; 9) Изучување на фундаменталните физиолошки процеси; 10) Органска продукција на сувоземните и водените екосистеми; 11) Биокибернетички истражувања; 12) Физика на цврстата состојба; 13) Физика на јонизираните гасови; 14) Истражување на подрачјето на квантните генератори на ласери; 15) Развивање на физичко-хемиските методи на анализа и нивна примена; 16) Органски синтези; 17) Изолирање и определување на струкурата на органските природни производи.

б) **Хемиска технологија и металургија:**

1) Користење на домашни суровини за производство на интермедиери за органската хемиска индустрија; 2) Производство на пластични маси и еластомери, како и на мономери за нивно производство врз база на домашни суровини; 3) Производство на фармацеутски суровини врз база на синтетски и биохемиски процеси; 4) Комплексно решавање на проблемот на отпадочните флуорни соединенија настанати при производство на суперфосфати; 5) Хемија и металургија на ретките метали; 6) Развој на технологијата на новите погонски средства врз база на директно претворање на хемиската енергија на горивото во електрична енергија; 7) Истражување и развој на катализаторите и катализата за потребите на хемиската индустрија; 8) Истражување и развој на процесот при производството на железо и челик; 9) Унапредување на технологијата и економиката на производството на прехранбената индустрија; 10) Освојување на производството и рационалната преработка на хемиски влакна од домашни суровини; 11) Палеогеографија и магматизам на карпато-балканидите; 12) Регионална синтеза на геологијата на Југославија; 13) Испитување на можноста за воведување современи методи во рудниците на јаглен и метали и за валоризација на нископроцентните руди на бакар; 14) Отпадочни води.

в) **Градежништво:**

1) Хидротехнички мелиорации во Југославија; 2) Хидраулични истражувања; 3) Хидролошки истражувања; 4) Комплексно уредување и користење на водата; 5) Индустриско и монтажно градење на станбени згради; 6) Сеизмичка отпорност на градежите; 7) Развој на конструкциите во градежништвото по пат на теориски и експериментални истражувања; 8) Димензионирање на коловозните конструкции на патиштата.

г) **Машинство:**

1) Истражувања и развој на методите за испитување на алатните машини; 2) Истражувања во областа на резните и стезните алати; 3) Системи за програмско управување на алатните машини; 4) Испитување на преминот на топлината од гас на вода во сноповите на цевките што се вградуваат во термичките апарати и котловските постројки; 5) Рационализација на централното греење; 6) Дефинирање на основата на генералниот план за развој на сите видови клипни мотори со внатрешно согорување; 7) Конкретна студија на домашна конструкција на бензинска воздушно ладена фамилија на мотори (1, 2, 4 цилиндри) наменети претежно за народниот патнички автомобилизам; 8) Климатски уреди; 9) Истражувања на интензифицирањето на процесите во механичките и термичките операции на процесната техника и изнаоѓање оптимални, апаративни решенија на технолошката опрема за процесната индустрија; 10) Истражувања во областа на ниските односно високите температури и притисокот во апаративните решенија на процесната опрема; 11) Истражувања на технолошките процеси во сообраќајот; 12) Автоматизација со програмирање на работата на ранжирните станици, во регулирањето на градскиот сообраќај и во крајбрежната пловидба.

д) **Електроника:**

1) Микробрановни радио-релејни телекомуникациони системи; 2) Истражувања во областа на теоријата на информациите; 3) Истражувања во областа на примената на бесконтактни системи во телефонско-телеграфската техника; 4) Студија на системите и методите за мерење и отстранување на радио-смеќавањата предизвикани со работата на телевизиски приемници и други електрични уреди.

ѓ) **Електроенергетика:**

1) Студија на карактеристиките на елементите на мрежата на Југославија со методите за анализа и синтеза на мрежата; 2) Студија на проблематиката на високоискористените ротациони машини; 3) Студија на проблемот на заштита против експлозија и пожар во современо електрифицираните работилници.

е) **Медицина:**

1) Изучување на регулационите механизми на растот и развојот на клетките кај ракот; 2) Епидемиологија на малигните тумори во Југославија; 3) Хемиотерапија на ракот; 4) Цитогенетски истражувања на настанатите заболувања; 5) Маладаптација и нејзини последици; 6) Евалуација на поважните профилактички мерки во подигањето на здравствената состојба во определена популација; 7) Метаболизам на клетките на срцевиот мускул; 8) Истражување на ендемската нефропатија; 9) Влијание на неуроендокрините фактори врз регулацијата на метаболичките процеси во организмот; 10) Улога на вирусите во патологијата на човекот; 11) Хемиопрофилакса и Хемиотерапија на туберкулозата; 12) Утврдување на корисното оптоварување на организмите со физички напори (вежбања) кај луѓето од различна возраст; 13) Улога на медијаторите во физиолошките и патолошките состојби на организмот; 14) Изучување на интермедијарниот метаболизам; 15) Биолошки стандарди на децата и младината; 16) Етиопатогенеза на пнеумопатиите кај децата; 17) Проучување на надворешните фактори врз здравјето на детето; 18) Биолошки и патолошки аспекти на развојот на забите и челуста кај човекот.

ж) **Земјоделство:**

1) Унапредување на производството на пченица; 2) Унапредување на производството на пченка; 3) Интензификација на производството на крмни растенија; 4) Унапредување на производството на ран зеленчук и на зеленчук за индустриска преработка; 5) Интензификација на производството на јаболка и сливи; 6) Подобрување приносот и квалитетот на производите од винова лоза; 7) Зголемување плодноста на земјиште со рационална примена на минерални хранива и со обработка; 8) Унапредување на производството на месо; 9) Унапредување на производството на млеко; 10) Унапредување на производството на волна; 11) Унапредување на производството и преработката на бука; 12) Унапредување на производството на брзорастечките широколисници и иглолисници; 13) Преведување на деградирани ниски шуми и шикари во состоини од висок сој; 14) Заштита на земјиште од ерозија; 15) Проширување на суровинската база за индустријата на целулоза, полуцелулоза и дрвесина; 16) Утврдување на дозволените дози и роковите за примена на пестицидите во земјоделското производство во зависност од толерантните дози на резидуи во прехранбените производи.

з) **Општествени науки:**

1) Основните проблеми на стопанскиот систем на Југославија; 2) Комплексно изучување на меѓунационалните односи кај нас; 3) Положбата, местото и улогата на младината во нашето општество; 4) Трудот и социјалната сигурност; 5) Улогата и значењето на општествените служби во системот на самоуправувањето; 6) Рационализација на процесот на учењето во училишната настава; 7) Општествени процеси, односи и структури во индустриска работна организација; 8) Историја на книжевноста на народите на Југославија; 9) Образование при работење во стопанските организации; 10) Историја на филозофијата на народите на Југославија; 11) Трансформација на аграрните простори и карта на искористувањата на земјиштата кај нас; 12) Монографска обработка на книжевноста, уметностите и другите културни придобивки на народите на Африка и Азија; 13) Политичките системи на социјалистичките земји; 14) Политичките системи и движења во неразвиените земји; 15) Историја на југословенското работничко движење.

2. За финансирање на научноистражувачките проекти наведени во точката 1 на овој конкурс Фондот ќе дава кредити под условите од точ. 3 до 7 на овој конкурс.

3. На конкурсот можат да учествуваат: научноистражувачки институти и други самостојни научноистражувачки организации, факултети и други високи школи, академии на науките, стопански и други организации и нивни здруженија, ако во свој состав имаат истражувачки единици, како и групи научни работници и одделни научни работници.

4. Барањето за доделување кредит, што го поднесуваат учесниците во конкурсот, содржи:

1) разработена програма на работата во рамките на проектот;

2) претсметка на трошоците;

3) податоци за научно-стручните кадри што ќе работат на проектот;

4) податоци за износот на средствата на понуденото учество во трошоците на финансирањето;

5) приказ на динамиката и крајниот рок во кој ќе биде завршена работата.

5. Документацијата од точката 4 на овој конкурс, како и другите податоци, подносителите на барањата ќе ги состават според упатството на Фондот што ќе им биде доставено на нивно барање.

6. Кредитите ќе се даваат со учество од 30% во трошоците на финансирањето, а по интересна стопа што ќе биде определена во смисла на членот 17 став 2 од Законот за Сојузниот совет за координација на научните дејности и за Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности (во понатамошниот текст: Законот), и со рок за враќање до 10 години, освен за областа на земјоделството каде што рокот за враќање не може да биде подолг од 15 години.

7. Приоритет при доделувањето на кредити ќе имаат подносителите на барањето:

1) што со разработената програма за работа на проектот повеќе ќе ја опфатат основната проблематика и што според состојбата на своите научноистражувачки кадри, искуства и разултати даваат повеќе гаранција дека во предвидениот рок ќе дадат квалитетни резултати;

2) што за проектите чија реализација го бара тоа ќе обезбедат соработка на сродни научноистражувачки установи и организации, а кај кои кадровските и материјално-техничките услови се на потребно ниво;

3) чија развојна ориентација односно специјализација ја опфаќа научноистражувачката проблематика на оние дисциплини во чие подрачје спаѓа проектот за чија реализација бараат средства;

4) што располагаат со соодветен научно-стручен кадар.

Покрај исполнувањето на другите услови, височината на понуденото учество и рокот за извршување на задачите исто така влијаат врз определувањето на приоритетот.

8. Фондот ќе им ги дава средствата од точката 1 на овој конкурс без обврска за враќање на подносителите на барањата за финансирање на проектите од подрачјето на фундаменталните истражувања и општествените и медицинските науки, со учество до 20%.

9. Покрај кредитите од точката 2 на овој конкурс, Фондот ќе дава во смисла на членот 18 од Законот, а со примена на соодветните критериуми предвидени со овој конкурс, и кредити за финансирање на проектите од подрачјето на развојно-технолошките истражувања — до 50% од средствата утврдени со претсметката, ако 50% односно разликата на средствата деловните банки им ја даваат на барателите на кредити.

Фондот ќе дава без обврска за враќање средства за покривање на разликата во височина на интересот на кредитите од ставот 1 на оваа точка што ги даваат деловните банки и во височина на интересот на кредитите што се даваат од Фондот.

10. Рокот за поднесување на барањата за доделување средства според овој конкурс, освен за средствата од точката 9, изнесува 45 дена од денот на објавувањето на овој конкурс во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1387/1
26 април 1965 година
Белград

Директор на Фондот,
**Радивое Раичевиќ**, с.р.

За претседател на управниот одбор на Фондот,
проф. др **Славко Бороевиќ**, с.р.

**411.**

Врз основа на членот 20 од Законот за Сојузниот совет за координација на научните дејности и за Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65), управниот одбор на Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности распишува

## КОНКУРС
## ЗА ДАВАЊЕ КРЕДИТИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ

1. Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности (во понатамошниот текст: Фондот) под условите пропишани во овој конкурс ќе дава средства за финансирање на набавката на опрема и за довршување и изградба на научноистражувачки институти.

2. На конкурсот можат да учествуваат заради добивање кредити за набавка на опрема — институти и други самостојни научноистражувачки организации, факултети и високи школи, академии на науките, стопански и други организации, ако во свој состав имаат истражувачки единици, и чија научноистражувачка дејност ги опфаќа подрачјата предвидени со програмата на Сојузниот совет за координација на научните дејности, а за довршување и изградба — научноистражувачки институти.

3. Барањето за давање кредит му се поднесува на Фондот и содржи:

1) перспективна програма за развој, со општ приказ на научноистражувачката дејност во наредниот период;

2) приказ на состојбата на техничката опременост, особено на состојбата на опремата, а за институтите што бараат средства за изградба — и состојба на градежните објекти и на сместовниот простор;

3) приказ на состојбата на научниот и стручниот кадар, со осврт врз досегашните резултати од работата на истражувачките проблеми и врз соработката со други институции;

4) претсметка на трошоците со соодветната документација;

5) податоци за понуденото учество во трошоците на финансирањето и за динамиката на реализацијата на набавката на опремата (посебно за увозна а посебно за домашна опрема, со приказ на износот на девизните средства за набавка на увозна опрема), како и за динамиката на извршувањето на градежните работи — за институтите што бараат средства за изградба или доврпгување.

4. Документацијата од точката 3 на овој конкурс подносителите на барањата ќе ја состават според упатството од Фондот, што на нивно барање ќе им биде доставено.

5. Кредитите од точката 1 на овој конкурс ќе се даваат под услов барателите на кредитот во трошоците на финансирањето да учествуваат со сопствени средства односно со средства од други извори со најмалку 50%, по интересна стопа што ќе биде дополнително определена и со рок за враќање на кредитот за опрема или довршување на изградбата — до 10 години, а за кредитите за изградба — до 25 години.

6. Приоритет при доделувањето на кредити ќе имаат подносителите на барањата:

1) што вршат научноистражувачка дејност од посебно значење од гледиштето на општествено-економскиот развој и на развојот на науката и чии досегашни резултати претставуваат поголем придонес;

2) чија перспективна програма за развој опфаќа истражувачки подрачја и проблеми од посебно значење, а во рамките на кои истражувачката дејност кај нас не е доволно развиена;

3) чиј степен на техничка опременост во поголема мера ја отежнува реализацијата на долгорочната програма за развој и истржување;

4) што располагаат со соодветни научно-стручни кадри за реализација на перспективната програма на научноистражувачката работа;

5) чија програма за работа може да биде реализирана во пократок рок и кои, според состојбата на кадрите и техничката опременост, бараат релативно помали средства и нудат поголемо учество во трошоците на финансирањето.

7. Подносителите на барањата на кои ќе им бидат дадени кредити, му поднесуваат на Фондот гаранција за износот на кредитот, како и друга документација што ќе ја пропише Фондот.

8. Покрај кредитите од точката 1 на овој конкурс, Фондот ќе дава, во смисла на членот 18 од Законот за Сојузниот совет за координација на научните дејности и за Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности, со примена на соодветните критериуми и за намените предвидени со овој конкурс, и кредити до 50% од средствата утврдени со претсметката, ако на барателите на кредитите 50% односно разликата на средствата им ја даваат деловните банки.

